## GS1 Број

GS1 Македонија, како членка на Меѓународната организација GS1 и единствен овластен претставник на GS1 во Република Македонија, врз основа на доделениот *GS1 сертификат* е задолжена и поседува ексклузивни права на територијата на Република Македонија да, на македонските компании - членки на GS1 Македонија, доделува Единствени Матични GS1 идентификациони броеви.

***Единствен Матичен GS1 број*** **(*GS1 ЕМБ*)**

Со зачленување во GS1 Македонија членката обезбедува свој СОПСТВЕН и ***Единствен Матичен GS1 број*** (***GS1 ЕМБ*** или Company Number) којшто во НАЦИОНАЛНИТЕ рамки е ЕДИНСТВЕН и резервиран само за неа. Во зависност од резервираниот капацитет за баркодирање, доделениот GS1 ЕМБ број е составен од 4 бројки (за 100,000 артикли) до 7 бројки (за 100 артикли).

***GS1 број***

GS1 ЕМБ придодаден на префиксот на националната GS1 организација (Member Organization Prefix) го формира ***GS1 бројот*** (Company prefix) којшто, не само во националните, туку и во СВЕТСКИТЕ рамки е ЕДИНСТВЕН и резервиран само за неа. Во зависност од резервираниот капацитет за баркодирање, доделениот GS1 број е составен од 7 бројки (за 100,000 артикли) до 10 бројки (за 100 артикли).

Меѓународниот префикс на Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите GS1 Македонија е **531**.

### Структура на *Глобалниот трговскиот број на артикалите* **GTIN**



GS1 бројот е:

- основа за изработка на EAN/UPC баркод симболите со кои членките на GS1 Македонија, нивните производи или услуги, безусловно и еднозначно се идентификуваат во домашниот и светскиот синџир на снабдување,
- е клуч со кој компаниите се идентификуваат во Глобалниот GS1 информационен регистер на електронските партнери GEPIR (Global GS1 Electronic Party Information Registry), односно Белата книга на глобалниот синџир на снабдување (The white pages of the global supply chain) во кој се содржани информациите за преку 1,000,000 фирми од светот кои ги применуваат EAN/UPC баркод симболите за означување на своите продукти,
- основа и клуч за дефинирање на GTIN (Global Trade Item Number = Глобален трговски број на артиклот) со кој македонските производи и услуги се распознаваат во глобалниот синџир на снабдување, односно во светскиот трговски каталог на артикли и услуги.